ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-6460/2
27-05-2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје бр.14/25 и бр. 3/26) и член 3 од Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје бр.08-1828/1 од 13.03.2026 година , Град Скопје објавува:

**Ј а в е н  п о в и к**
**за доделување на финансиски средства на проект за реализација на Фестивал на креативни индустрии „Скопје креатива“**

## I. Предмет на Јавен повик

Град Скопје, во својата програмска определба, се насочува кон сѐ поголема поддршка и иницирање на нови активности за развој и поттикнување на креативните индустрии, меѓу кои, секако, големо место зазема и организирање на фестивалот „Скопје Креатива“ .
Стремејќи се кон добивање на епитет и статус на креативен град, Град Скопје во соработка со претставниците на креативната и дизајнерско-уметничката заедница, продолжува да ја остварува целта за создавање услови за работата во доменот на креативните сектори (технологии, нови медиуми, видео-филм и анимација, современ продукт-дизајн, индустриски, моден, мебел-дизајн и друго).

Проектот за развој на креативните индустрии за 2026 година треба да обезбеди промоција на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио-визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други.

Јавниот повик ќе трае 15 (петнаесет) календарски дена, сметано од денот на објавување.

Финансиските средства за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2026 година во Програмата К4 потставка 464 во вкупен износ од 500.000,00 денари.

## II.Право на учество на Јавен повик

На Јавниот повик може да учествуваат правни лица со седиште на подрачјето на град Скопје кои вршат дејност од областа на културата (установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни лица) согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

## III.Услови што треба да ги исполни апликантот

За финансирање на проект за реализација на Фестивалот на креативните индустрии „Скопје Креатива“, апликантите потребно е да ги исполнат следниве услови и да ја достават следнава документација:

а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);

б) Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци;

в) Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

г) Потврда за отворена и активна жиро сметка со банката;

д) Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години;

ѓ) Да аплицира со инвентивен концепт на програма/проект/активност (фокус на Скопје Креатива 2026), истиот може да биде во партнерство со национални, јавни, приватни или независни институции и организации од областа на култура, наука, образование,технологија и/или други области од економијата;

е) Да обезбеди соодветна локација/простор за реализација на програма/проект/активност;

ж) Да има искуство во менторирање или реализација на работилници, тренинзи, обуки, предавања од областа на културата или креативните индустрии.

## IV. Критериуми за учество на Јавен повик

### а) Посебни критериуми

Посебните критериуми за избор на апликантите се предвидени во Правилник за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје кој е објавен на веб-страница на Град Скопје .

### б) Општи критериуми

- Поттикнување на претприемачките и бизнис вештини кај младите, уметниците, дизајнерите и поединците/групите во рамките на креативните индустрии.
- Активности со продажен потенцијал (вклучувајќи и попап продавници).
- Издржаност на програма/проект/активност кој ќе се базира на концепт со одржлив развој.
- Стимулација, реализација и презентација на творештвото на креативните потенцијали на децата и младите, за остварување на креативни проекти.
- Финансиски најповолна понуда, која е реално остварлива.

**V. Начин на пријавување на Јавен повик и потребна документација:**

Апликантите, потребно е да ја превземат пријавата од официјалната веб страница на Град Скопје, истата во целост да ја пополнат, потпишат и заверат со печат (за правни лица) во затворен плик доставен во архивата на Град Скопје.

Покрај пријавата апликантите задожително треба да достават:

- Финансиски план (детално разработена финансиска конструкција)
- Детално разработен план за реализација на активностите
- Идеен проект со опис на активности, наслов, детален опис, скици, концепт на предлог проект за прототип, проект дизајн, програма со предлог финансиска конструкција за реализација на истата за правни лица.
- Биографија/ЦВ/Референтна листа (евиденција) на реализирани претходни проекти во печатена форма.
- Професионално портфолио на USB .
- Професионална биографија/ЦВ на стручните лица .
- Соработници, кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот. (Документите да бидат доставени во печатена и дигитална форма USB).

**VI.Начин на спроведување на Јавен повик:**

Пријавите се достапни на веб страницата на Град Скопје и истите треба да се достават до Архивата на Град Скопје, по пошта или лично на адреса бул. „Илинден“ бр. 82 од 7:30 до 19:30 часот (заклучно со последниот ден).

За утврдување на исполнувањето на условите од глава IV од повикот Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапката за финансирање на проект за реализација на Фестивал на креативните индустрии „Скопје Креатива“ .

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите од глава IV, Комисијата дава предлог до Градоначалник за доделување на финансиски средства на апликантите.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.

Комисијата ги известува аликантите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите од глава IV од повикот.

Рачно пополнетите и ненавремено доставените пријави Комисијата воопшто нема да ги разгледува.

Дополнителни информации може да се добијат на телефон 02/3297-324 или на електронската пошта kultura@skopje.gov.mk.

Град Скопје